ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Иво Ивановски, министер за информатичко општество и адиминистрација и

м-р Марта Арсовска-Томовска, заменик на министерот за информатичко општество и адиминистрација

ПОВЕРЕНИЦИ: Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и адиминистрација и

м-р Љупчо Фармакоски, државен советник во Министерството за информатичко општество и адиминистрација

# П Р Е Д Л О Г- З А К О Н
за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози

Скопје, октомври 2012 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-7668/1
22.10.2012 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог – закон за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози, што го утврди на седницата, одржана на 20.10.2012 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Иво Ивановски, министер за информатичко општество и адиминистрација и м-р Марта Арсовска-Томовска, заменик на министерот за информатичко општество и адиминистрација, а за повереници Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и адиминистрација и м-р Љупчо Фармакоски, државен советник во Министерството за информатичко општество и адиминистрација.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил: Филип Коровешовски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ" бр. 82/08), е донесен во 2008 година и истиот досега не е менуван, односно дополнуван, освен во однос на членот 8 став 2 кој со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 169/2008 од 15.04.2008 година е укинат. Во неговата примена активна улога има Државниот управен инспекторат кој во 2008 година кога е донесен Законот има статус на орган во состав на Министерството за правда. Меѓутоа во 2010 година, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 167/10), во членот 26-а е утврдена надлежноста на Министерството за информатичко општество и администрација, а орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, според ова решение, е и Државниот управен инспекторат. Имајќи ги во вид наведените решенија во Законот за постапување по претставки и предлози и Законот за организација и работа на органите на државната управа во однос на надлежностите, како и во однос на статусот на Државниот управен инспекторат, се оцени дека е потребно да се направат измени во Законот за постапување по претставки и предлози и надлежноста да премине во Министерството за информатичко општество и администрација, односно Државниот управен инспекторат, како орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог – законот за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози има за цел усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Предлог- законот се заснова на истите начела согласно кои е донесен Законот за постапување по претставки и предлози.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на новите решенија во Законот не се потребни посебни финансиски средства, ниту повлекување на материјални обврски за други субјекти.

ПРЕДЛОГ- ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Член 1

Во Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/08), во членовите 13, 19 ставови 2 и 3, член 20 и член 21 став 2, зборот „правда“ се заменува со зборовите „информатичко општество и администрација“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог- законот за изменување на Законот за постапување по претставки и предлози содржи два члена кои што претставуваат усогласување на овој закон со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 167/10).

Имено, со членот 26-а став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдена надлежноста на Министерството за информатичко општество и администрација, а во ставот (2) Државниот управен инспекторат е утврден како орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација.

Законот за постапување по претставки и предлози е донесен во 2008 година и според тогашните законски решенија во Законот за организација и работа на органите на државната управа, во членот 17 став (2), Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за правда. Согласно ова законско решение, Министерството за правда, односно министерот за правда и Државниот управен инспекторат имаат своја надлежност во Законот за постапување по претставки предлози.

Со оглед дека во меѓувреме во законска процедура со измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа се направи промена во однос на Државниот управен инспекторат и истиот е орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, се оцени дека е потребно да се предложат и овие измени во Законот за постапување по претставки и предлози.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата од овој Предлог – закон се опфатени во еден член.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот член 1 на овој закон ќе произлезе соодветно законско решение во однос на Државниот управен инспекторат.

ОДРЕДБИ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ ШТО СЕ МЕНУВААТ

Член 13

Министерот за правда го пропишува начинот на постапување по претставките и предлозите на органите од членот 1 на овој закон.

Член 19

Органите од членот 1 на овој закон задолжително водат евиденција за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите.

Органите од членот 1 на овој закон за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите се должни да доставуваат извештаи на секои шест месеца до Министерството за правда.

Министерот за правда ги пропишува содржината, начинот и формата на водење на евиденцијата за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, како и содржината на извештаите од ставот (2) на овој член.

Член 20

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за правда.

III. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице, до кој е поднесена претставката, односно предлогот, доколку не определил овластено лице кое во рамките на органот ќе постапува по претставките и предлозите или не е формирана внатрешна организациона единица согласно актот за организација и систематизација, за постапување по претставки и предлози, согласно со членот 7 од овој закон.

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на функционерот кој раководи со органот, односно раководното лице, ако не достави извештај до Министерството за правда согласно со членот 19 став 2 од овој закон.

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице кое согласно со членот 7 од овој закон е определено да постапува по претставките и предлозите и тоа, ако:

1) не ја достави претставката, односно предлогот до надлежниот орган или не го извести подносителот дека претставката, односно предлогот е предадена на друг орган согласно со членот 5 став 2 од овој закон;

2) не го извести подносителот на претставката, односно предлогот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рокот определен со членот 9 став 1 од овој закон;

3) по барање на органот кој постапува по конкретна претставка или предлог не му ги даде потребните објаснувања и податоци за прашања што се однесуваат на претставката, односно предлогот, како и известување за преземените мерки за решавање на прашањето согласно со членот 12 став 1 од овој закон и

4) при постапувањето по претставката, односно предлогот се утврди дека на подносителот со акт, дејствие или мерка му е повредено право или му е нанесена штета, односно е повреден јавниот интерес утврден со закон, а органот кој постапува по претставката, односно предлогот нема да му укаже на надлежниот орган и нема да побара да се преземат потребните мерки согласно со закон за отстранување на повредата на правото, односно причинетата штета согласно со членот 15 став 1 од овој закон.